# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## за извршување на Буџетот на Општина Битола во трет квартал од 2013 год.

Согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа член 32 став 2 ("Службен весник на РМ" бр.61/04 , 96/04 и 156/09) се утврдува обврската на Градоначалникот на општината да доставува до Министерството за финансии и до Советот на општината квартални извештаи со образложение за извршување на буџетот во рок од еден месец по завршувањето на кварталот.

Во буџетот на Општина Битола, за трет квартал биле реализирани приходи во износ од 420.321.203,00 денари,од планираните 805.230.395,00 денари од вкупниот буџет на општина Битола, или
52,20 % оствареност, додека реализираните расходи се во износ од 399.233.517,00 денари од планираните 805.230.395,00 денари од вкупниот буџет на Општина Битола или 49,58 %.

***Динамика на движење на приходите во третиот квартал:***

Ставка 711- Данок од доход, од добивка, и од капитални добивки, за третиот квартал, од планираните 15.470.000,00 денари од вкупниот буџет, остварени приходи се во износ од 11.323.112,00денари или
73,19 %.

Ставка 713- Данок на имот за трет квартал, од планираните во вкупниот буџет 159.200.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 95.829.921,00 денари или 60,19 %.

Ставка 717- Данок на специфични услуги во трет квартал, од планираните 263.984.084,00 денари остварени приходи се во износ од 150.228.391,00 денари или 56,91 %.

Ставка 718- Такси за користење или дозволи за вршење на дејност од планираните 38.097.308,00 денари остварени се 15.042.761,00 денари или 39,49 %.

Ставка 722- Глоби,судски и административни такси во трет квартал, од планираните 4.167.500,00 денари, остварени приходи се во износ од 2.898.319,00 денари, или 69,55 %.

Ставка 723-Такси и надоместоци во трет квартал ,од планираните 12.000.000,00 денари остварени приходи се во износ од 7.857.873,00 денари, или 65,48 %.

Ставка 724-Други владини услуги од планираните 100.000,00 денари, не се остварени приходи во трет квартал.

Ставка 725- Други неданочни приходи во трет квартал, од планираните 53.100.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 2.421.132,00 денари или 4,56%.

Ставка 731- Продажба на капитални средства планирана со 30.000.000,00 денари, не е остварен приход во трет квартал.

Ставка 733- Продажба на земјиште и нематеријални вложувања од планираните 125.758.172,00 денари остварени се 22.938.252,00 денари или 18,24 %.

Ставка 741- Трансфери од други нивоа на власт во трет квартал, од планираните 103.353.331,00 денари, остварени се приходи во износ од 111.781.442,00 денари или над 100 %.

***Динамика на движење на расходите во трет квартал***:

***Вкупни тековни оперативни расходи:***

Ставка 401-Основни плати реализирани се расходи во трет квартал во износ од 26.382.343,00 денари, од вкупно планираните во буџетот 38.221.500,00 денари.

Ставка 402-Придонеси од социјално осигурување од работодавачите, реализирани се трошоци во износ од 9.596.973,00 денари од вкупно планирани во буџетот 14.372.000,00 денари.

Ставка 404- Надоместоци во трет квартал реализирани се трошоци од 5.709.233,00 денари од планираните 7.707.448,00 денари.

Ставка 412- Постојана резерва не е реализирана, од планираните 200.000,00 денари.

Ставка 413- Тековни резерви не се реализирани трошоци од планираните 200.000,00 денари.

Ставка 420- Патни и дневни расходи реализирани се расходи во износ од 894.637,00 денари од планираните 3.265.000,00 денари.

Ставка 421-Комунални услуги ,греење, комуникација и транспорт реализирани се расходи во трет квартал во износ од 54.366.129,00 денари, од планираните 102.340.000,00 денари.

Ставка 423- Материјали и ситен инвентар реализирани се расходи за трет квартал во износ од 4.548.311,00 денари, од планираните 7.944.578,00 денари.

Ставка 424-Поправка и тековно одржување, реализирани се трошоци во трет квартал во износ од 51.621.819,00 денари од планираните 78.208.641,00 денари.

Ставка 425-Договорни услуги реализирани се услуги во трет квартал во износ од 26.706.203,00 денари од планираните 41.145.000,00 денари.

Ставка 426-Други тековни расходи реализирани се трошоци за трет квартал во износ од 17.762.775,00 денари, од планираните 29.125.000,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 427- Привремени вработувања, реализирани се трошоци за трет квартал во износ од 6.981.591,00 денари, од планираните 9.700.000,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 463- Трансфери до невладини организации, реализирани се трошоци за трет квартал во износ од 17.028.420,00 денари, од планираните 24.600.000,00 денари.

Ставка 464-Разни трансфери реализирани се трошоци во трет квартал во износ од 22.277.005,00 денари од планираните 31.242.945,00 денари.

Ставка 465- Исплата по извршни исправи бил планиран износ од 400.000,00 денари, реализирани се трошоци од 56.110,00 денари во трет квартал.

Ставка 471-Социјални надоместоци, реализирани се трошоци во трет квартал во износ од 4.176.603,00 денари од планираните 5.600.000,00 денари.

***Вкупни капитални расходи:***

Ставка 480- Купување на опрема и машини, реализирани се расходи за трет квартал во износ од 2.129.016,00 денари од планираните 8.100.000,00 денари.

Ставка 482-Други градежни објекти, реализирани се расходи за трет квартал во износ од 144.341.512,00 денари од планираните 391.958.283,00 денари.

Ставка 483- Купување на мебел бил планиран износ од 500.000,00 денари, реализирани се расходи во износ од 299.810,00 денари.

Ставка 485- Вложувања и нефинансиски средства реализирани се расходи во трет квартал во износ од 4.355.027,00 денари од планираните 10.400.000,00 денари.

Извршувањето на расходите на буџетската сметка за сите програми е 49,58%.Програмата А0-Совет на општината е извршен 47,05%, програмата Г1- Локален економски развој е извршена со 22,90%, програмата Д0- Градоначалник е извршена со 50,83%, Д1- Месна самоуправа 27,50%, програмата Е0- Општинска администрација е исполнета со 61,58 %, Развојната програма ЕА- Капитални трошоци на општината- Реконструкција на Црн мост е извршена со 47,57%, Ј3- Јавно осветление е извршена со 58,01 %,Ј4- Јавна чистота со 62,88%

Ј6 -Одржување и заштита на локални патишта улици и регулирање на сообраќајот е исполнета со 34,26%,Ј7-Одржување и користење на паркови и зеленило со 80,90%, ЈД- Изградба и реконструкција на локални улици и патишта со 68,96%, ЛА- Спорт и рекреација (капитални трошоци) со 4,76%,ЊО- Противпожарна заштита со 45,06%, РА-Заштита на животна средина и природа со 53,58% и Ф1- Просторно и урбанистичко планирање со 9,72%.

***Корисници на средства од наменска и блок дотација***:

Вкупните тековни оперативни приходи за корисниците на средствата од сметката за наменска и блок дотација се реализирани во износ од 456.752.194,00 денари, од планираните 612.684.140,00 денари, или 74,55 %.

Вкупните тековни оперативни расходи за корисниците на средствата од сметката за наменската и блок дотација за трет квартал се во износ од 438.554.152,00 денари од планираните 612.684.140,00 денари или 71,58 % и тоа:

Ставка 401- Основни плати реализирани се расходи од 285.986.553,00 денари, од планираните 386.510.147,00 денари.

Ставка 402-Придонеси за социјално осигурување од работодавачите е со реализирани расходи во износ од 106.203.496,00 денари, од планираните 143.498.616,00 денари.

Ставка 421-Комунални услуги, комуникација и транспорт, реализирани се трошоци во износ од 20.360.062,00 денари од планираните 40.751.699,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 423- Материјали и ситен инвентар, реализирани се трошоци во износ од 1.423.271,00 денари, од планираните 3.144.246,00 денари.

Ставка 424-Поправка и тековно одржување, реализирани се трошоци во износ од 437.815,00 денари, од планираните 954.179,00 денари.

Ставка 425-Договорни услуги реализирани се услуги во износ од 24.142.955,00 денари, од планираните 31.590.851,00 денари.

Извршувањето на расходите од сметката за наменска и блок дотација за програмата В1 Детски градинки е 59,60 %, В2 Дом за стари лица 72,88 %, К3 Музејска и кинотечна дејност е 70% Н1 Основно образование со 73,60 %, Н2 Средно образование со 72 %, и програмата Њ0 со 70,18 %.

Вкупно реализирани приходи за **Сметката Самофинансирачки активности** за трет квартал се во износ од 34.536.611,00 денари од планираните 104.867.225,00 денари, или 32,93 %.

Вкупни тековно оперативни и капитални расходи за сметката **Самофинансирачки активности** во трет квартал се реализирани 27.765.423,00 денари од планираните 104.867.225,00 денари или 26,48% и тоа:

Ставка 401- Основни плати планирани се трошоци во трет квартал во износ од 2.220.000,00 денари, реализирани 1.410.457,00 денари.

Ставка 402- Придонеси за социјално осигурување од работодавачите планирани се трошоци во износ од 780.000,00 денари реализирани 522.314,00 денари.

Ставка 420- Патни и дневни расходи планирани се трошоци од 1.212.200,00 денари, реализирани се во трет квартал 39.536,00 денари.

Ставка 421- Комунални услуги греење и транспорт планирани се трошоци од 12.654.000,00 денари, реализирани се 3.626.907,00 денари.

Ставка 423 - Материјали и ситен инвентар планирани се трошоци во износ од 36.786.870,00 денари реализирани се 12.593.719,00 денари.

Ставка 424- Поправки и тековно одржување планирани се трошоци во износ од 9.965.250,00 денари, реализирани се 1.438.444,00 денари.

Ставка 425- Договорни услуги планирани се трошоци во износ од 21.609.604,00 денари реализирани се во износ од 6.731.007,00 денари.

Ставка 426- Други тековни расходи планирани се трошоци во износ од 5.188.500,00 денари, реализирани се 931.375,00 денари.

Ставка 427- Привремени вработувања планирани се трошоци во износ од 350.000,00 денари, не се реализирани средства во трет квартал.

Ставка 463- Трансфери до невладини организации планирани се трошоци во износ од 5.000,00 денари, не се реализирани средства во трет квартал.

Ставка 464-Разни трансфери планирани се средства во износ од 4.958.801,00 денари,реализирани се средства во износ од 237.602,00 денари.

Ставка 480 - Купување на опрема и машини од планираните 3.345.000,00 денари, реализирани се 63.585,00 денари.

Ставка 481 - Градежни објекти, планирани се трошоци во износ од 600.000,00 денари, не се реализирани трошоци во трет квартал.

Ставка 482 - Др.градежни објекти, планирани се трошоци во износ од 2.740.000,00 денари, не се реализирани трошоци во трет квартал.

Ставка 483- Купување на мебел од планираните средства во износ од 492.000,00 денари, не се реализирани трошоци во трет квартал.

Ставка 485- Вложувања и нефинасиски средства од планираните 810.000,00 денари, реализирани се средства во висина од 45.477,00 денари во трет квартал.

Ставка 486 - Купување на возила од планираните 1.150.000,00 денари, реализирани се средства во износ од 125.000,00 денари.

Извршувањето на расходите од сметката Самофинансирачки активности од В1 Детски градинки со 31,34%, В2 Дом за стари лица со 36,37 %, К3 програмата е со 31,78 %, Н1Основно образование со 4,03 %, и Н2 Средно образование со 26,56%.

Вкупните тековно оперативни приходи од **Донации** од планираните 21.332.952,00 денари, приходовани во трет квартал се средства од 8.232.747 ,00 денари или 38,59% , додека за планираните расходи од 21.332.952,00 денари е реализиран износ од 3.328.085,00 денари или 15,60%. Со средства од Донации се реализираат следните проекти: Проект заштита од пожар,Проект Граници без граници,Проект Телетерм, Донации од локалните јавни установи ЈОУДГ Естреја.О.Мара, СОУ Таки Даскало,Проект Зоо иноватива.

Б.Т.

Сектор за Финансиски прашања